# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 април 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по 40-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафиз Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубиша Георгиевски, Стојан Андов, Верица Филипова, Фијат Цаноски, Благој Зашов, Радмила Шекеринска, Абдулади Вејсели, Наде Станчевска, Иван Стоилковиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по точка 4 - Предлог за донесување на закон за нотаријат, со Предлог на Закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, господине заменик министре, колеги пратеници,

На почетокот сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ и на СДСМ околу потребата за донесување на законот за нотаријат. Ние ќе го подржиме донесувањето на овој закон, затоа што сметаме дека со овој закон ќе се зајакне и улогата и надлежноста, особено со овој закон ќе се зајакне одговорноста на нотарите во вршењето на својата со закон утврдена надлежност и секако дека ќе им дадеме поголема улога во насока овде со последната глава, особено во борбата против криминалот и корупцијата која што е определба без исклучок на сите нас. Сите знаеме дека овој закон за прв пат е донесен во 1996 година и тогаш Република Македонија се определи да формира нотаријат според латинскиот систем и оттогаш наваму нотаријатот бележи значаен напредок како во неговата организација, така и во негвата работа. Уште во 1996 година определувајќи се за основање на една ваква служба Република Македонија ги презеде можеби првите чекори за реформа во судството, затоа што со Законот за нотарски работи голем број на надлежности кои што беа на судовите и беа неспорни поминаа во надлежност на нотаријатот. Секако ако правиме една анализа за работата, мора да признаеме дека нотаријатот го заслужи своето место во системот на уредување, особено во делот за надлежностите. Секако дека се појавија и извесни аномалии во работењето. Но, почитувани колеги секаде, без исклучок во сите области од општественото живеење сме имале, има такви работи, но да бидат помалку и секако дека ова не треба да остава печат на една цела служба која што еве 9 години успешно работи и ние овде како законодавен дом треба да дадеме подршка, а нашата подршка ќе биде пред се со унапредување на законските решенија.

Јас ги искажав моиве ставови на Законодавно правната комисија и заедно со колегата Оливер Спасовски поднесовме неколку амандмани во насока, се со цел да бидеме конструктивни и да придонесеме за подобрување на решенијата и за прецизирање на решенијата. Очекувам дека заменикот министер ќе ги прифати овие амандмани. И да не се пофторувам во интерес на времето и да не го кажувам она што сум го кажала на Комисијата, би сакала да искажам одредени мои размислувања околу одрдени прашања кои што се регулирани со Предлогот на овој закон.

Прво, сакам да го искажам мојот став околу називот. До сега можеби била грешка со стариот назив Закон за нотарски работи, бидејќи нотарска работа е еден сегмент од таа служба. Прво треба да се формира служба како што и формиравме јавна служба и дел, сегмент на нотаријататот е нотарска работа. Јас сметам дека називот сега во потполност е погоден онака како што треба да ја носи оваа служба и овој закон.

Почитувани колги јас навистина со внимание, бидејќи сум заинтересирана за службите кои што вршат јавни овластувања, особено од правната работа. Со интерес ги следам измените на овој закон и јас можам да констатирам дека Предлогот кој што ни се нуди е добар, добро е изработен. Со овој Предлог впрочем се елиминираат сите оние правни празнини кои што досега сме имале во овој дел и кои што на некој начин од одредени структури бил искористен за злоупотреба на оваа дејност. Мислам дека со овој закон нудиме добри решенија каде што полека ги затвораме тие вентили, тие извори на нелегални активности на оваа многу важна служба. Значи, генерална оценка за законот е дека овој закон е добар, ќе го подржиме, нуди добри решенија во насока на зголемување прво на одговорноста на нотарите, секаков вид на одговорност, за одговорност од штета, дисциплинската одговорност. Секако втората точка е заради тоа што се прошируваат надлежностите, односно се создава законски основ само тука за проширување на надлежностите на нотарите. И третата работа која што за мене е можеби најважна, нотарите се вклучуваат во системот на органи кои што ќе се борат против криминалот и корупцијата, а особено против перењето на пари кое што е навистина посебен проблем не само за нашата земја, туку и за целиот регион. Ако го оценив како

добар, не значи дека го губам правото да дадам мои забелешки само околу две решенија на законот. Не се осмелив сама да поднесувам амандмани, затоа што тоа е комплексна работа и сметам дека сама како пратеник, или како пратеници ние не ќе можеме во целост да го уредиме прашањето.

Првата моја забелешка, или дилема, да не кажам забелешка, затоа што немаме право да изразуваме забелешки сега, ова е последна фаза. Но, ова е упатено кон Министерството како моја дилема, како мое размислување, тоа е на членот 8. Во членот 8 се уредува прашањето за определување на бројот на нотари и нотарски седишта. И останува системот, стариот систем на определување на органот кој што го определува бројот на нотарите, тоа е министерот за правда. И сега законодавецот се обидува да либерализира, или барем пола либерализација, ми личи ова мене, околу утврдувањето на бројот на нотарите. Се менува решението, со тоа што сега на подрачје на основен суд каде што има жители најмалку, односно до 20 илјади задолжително ќе треба да има нотар. И тоа е добро, затоа што нотарот е организиран на територијален принцип и секогаш е поврзан со подрачјето на делување на основниот суд. И онаму каде што има основен суд, а каде што нема 20 илјади жители, не треба да ги оставиме луѓето без една ваква значајна јавна служба. Но, она што мене ми се јавува како дилема, колкав ќе биде максималниот број на нотари на подрачје на еден основен суд. Можеби ќе ми одговори министерот дека понатаму во овој член има дополнителни критериуми, но тие се општи, дека при определувањето на бројот на седиштата на нотарите, или бројот на нотарите, министерот ќе ја земе во предвид развиеноста на правниот живот на подрачјето, бројот на предмети итн. Но сето ова е дискрециона норма, дискрециона одредба која со ништо не го врзува министерот да одреди, да кажеме на едно подрачје на основен суд каде што има 40 илјади жители, некаде да одреди 5 нотари, некаде да одреди 10 нотари. За вршење на нотарската работа имаме подзаконски акти со кои што се предвидуваат бројни услови кои што треба да ги исполнува нотарот за да може прво да биде именуван, па после да ја врши нотарската работа. Имајќи ја во предвид и дополнителната обврска за одговорност од штета каде што оваа одговорност се покачува на 50 илјади евра и условите, материјалните вложувања за да се исполнат условите за да се биде нотар, мислам дека овде ќе создадеме основ за да кажеме можеби и уништување на одредени нотари. Може да се случи во одредени подрачја да се предвиди голем број на извршители, односно на нотари, сето тоа како волја на министерот, а со цел да се уништат и одредени нотари. Секако ќе кажете дека е избор на странката кај кој нотар ќе оди, но мислам дека тука се создава еден поголем основ за една ваква работа. Мислам дека треба Министерството да подразмисли, да стави механизам со кој што навистина мора да имаме максимален број на нотари на одредени предмети, на одреден број жители за да не се доведеме во ситуација оваа норма како дискрециона министерот да може да ја злоупотребува, без разлика кој министер, дали сегашен, или иден.

Втората моја забелешка е околу новите, или законскиот основ кој што се создава овде во законот за нови надлежности на нотарот. Тоа е главата 13, нотарите како повереници на судовите и другите органи.

Сега немаме време да реагираме и не сме имале од кога влезе законот во собраниска процедура, затоа што тоа е посложено, пообемна работа, треба анализа. Но, давам една моја сугестија секако во интерес на оваа служба и на целата држава. Значи, со членот 133 се дава изворно овластување, ново изворно овластување на нотарот, а тоа е да расправа по оставината. Секако понеспорната оставина, затоа што нотарот расправа само по неспорни работи. Во другите ситуации се остава нотарот да биде повереник на органите и на судовите. Ова е создавање на основ за нови надлежности кои што ќе се предвидат во новиот закон во вонпарнична постапка, надлежности од кои ќе избираат за на нотар. Мислам дека требало малку повеќе да се поразработи оваа глава за да не се случи повторно, едно е да се има еден орган, една служба изворна надлежност утврдена со закон, а друго е да се остави на волја на раководителот на кој што го води органот. И може да се случи, ако по една надлежност врз основа на закон постапуваме како повереник, може да се случи по избор на раководителот кој што го води органот постојано еден ист нотар да ангажира за вршење на одредени работи. Повторно врата за дискреционо применување на одредбата. Мислам дека овде требало да се наведат и да им биде изворна надлежност на нотарите во кои вонпроцесни постапки ќе бидат законски надлежни да ги вршат работите. Јас ќе ви дадам пример, би можело во спогодбените предлози за развод на брак, би можело во спогодбено уредување на меѓи и голем број на вонпроцесни постапки кои што воопшто не се спорни. Но, тука ќе додадам една моја сугестија која што е многу важна, предлагачот да вгради еден цврст механизам со кој што строго ќе бидат разграничени надлежностите и работата на нотарот со адвокатите, на адвокатите со нотарите, на нотарите со извршителите, на извршителите со медијаторите за да не ни се случи како што ни се случува сега, а ни се случува ќе признаете, нотарот да врши работа која што е во надлежност на адвокатот, адвокатот да врши работа која што е надлежност на нотар, извршителот да врши работа која што е на нотар, нотарот да врши работа која што е на извршител. Јас можам да ви кажам бројни примери за такви работи. Ни се случува тоа во пракса, ако сме се одлучиле за строга професионализација на овие јавни функции, јавни служби со јавни

овластувања, мора да им дадеме надлежности строго определени, мора да биде строго разграничена надлежноста и тогаш ќе бараме зголемена одговорност на сите овие вршители на јавни овластувања. Ова беа моите забелешки. Уште еднаш, законот е добар, ќе го подржиме, бидејќи овој закон секако, не оценуваат и по овој закон како напредуваме кон евроинтеграциите. А сето она што значи услов за евроинтеграција, ние секако сме дале збор и ќе го подржуваме.

**Бесим Догани:** Има збор заменик министерот за правда господинот Сашо Василевски, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да го изразам и личното задоволство од конструктивноста на пратеничката. Особено имавме доста конструктивни разговори и на Законодавно правната комисија. Така што Министерството за правда и Владата имаше дослух да прифати добар дел од забелешките кои што секако преточени во дел на амандманите. Дилемите што ги начна на денешната расправа почитуваната пратеничка особено околу двата аргументи за зголемувањето на бројот на нотарите, секако дека е едно од суштинските прашања. Ние тргнавме од фактот дека во секој случај заради зголемувањето на бројот на нотарите и поголема либерализација на тој начин се одлучи Министерството да направи со таа одредба од членот. А вторите забелешки кои што се однесуваа за надлежностите истите што ги наведе на денешната расправа се земени во предвид и нормирани се во измените на Законот за вонпарнична постапка, за тие измени и дополнувања веќе формирана е група и работи на таа проблематика Министерството за правда. Се надевам дека за определено време ќе биде тој законски проект и пред вас пратениците.

Делот околу надлежностите на зголемување или пречекорување, она што го коментираше пратеничката, на нотарите, адвокатите и слично, сосема се на место таквите забелешки. Меѓутоа во секој случај тоа би значело и пречекорување на нивните овластувања, што значи повод за воведување на дисциплинска постапка, дури и негово разрешување.

Значи, сосема накратко околу делот на искажаните коментари на почитуваната пратеничка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министре.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани претставни на Влада, колеги пратеници, би сакала многу накратко да ја истакнам подршката за овој закон кој е исклучително важен во нашиот правен систем и кој сега после 9 годишна работа на нотаријатот кој беше воведен пред 9 години, се носи нов интегрален закон кој многу успешно е изработен и ги елиминира сите оние слабости кои се покажаа во одредбите од сега важечкиот закон. Исто така, воведува некои новини кои се значајни и кои верувам дека во многу ќе ја унапреди работата , а со тоа и целиот правен систем ќе добие еден нов импулс бидејќи нотарите стануваат се позначаен сегмент во нашиот правен систем.

Ја подржувам новината која се воведува во овој закон што ќе овозможи зголемување на бројот на нотарите, бидејки се зголемува и обемот на нивната работа, а со тоа и потребата од поголем број на нотари, така да многу млади правници ќе си најдат место во овој многу значаен систем.

Исто така ја поздравувам новината што сега за полагање на нотарскиот испит се намалува од досегашните 5 години искуство на правни работи на 2 години, што значи дека повторно многу млади правници ќе можат побрзо да го положат нотарскиот испит и да почнат да работат во нотаријатот.

Значајна е новината која што воведува поголемо обезбедување за надомест на штета предизвикана од работењето на нотарот, која што ќе осигура дека нотарите многу повнимателно ќе работат отколку до сега и во секој случај ако предизвикаат штата на своите клиенти ќе имаод каде да се надомести таквата штета однсоно ќе гарантираат за својата работа со една поприлично висока сума. Мислам дека таквото решение на многу кои помислувале да направат некакви штети ќе бидат спречени и нема да имаме афери од типот што ги имавме, за жал од некои несовесни нотари кои што нанесоа штета на целокупната нотарска служба.

Исто така, значајна новина која исклучително многу ја поздравувам тоа е воведувањето на нотарските помошници, бидејќи некои нотари имаат зголемена работа и имаат потреба од такво нешто. За жал морам да констатирам дека, жалам што не се најде механизам можеби да се воведе задолжителност на нотарски помошник кај нотарите, меѓутоа ова го сметам како некој чекор напред, па можеби во некое идно време, кога ќе се утврди дека навистина нотарските помошници ќе бидат корисни на нотарите, можеби ќе се воведе и задолжително секој нотар да има свој нотарски помошник.

Би сакала да истакнам само две забелешки, кои за мене се некако нелогични. Тоа е во членот 9, условите за менување. Тука се наведени прецизно условите и под точка д, да има работно исксутво на правни работи најмалку 5 години.

Мене ова не ми е усогласено со ова што го намалуваме бројот на години за работа на правни работи и за полагање на нотарски испит. Значи две години и ќе можете да полагате нотарски испит и ако го гледаме во контекст на овој услов 5 години тогаш се прашувам дали оној што ќе положи нотарски испит поради ваквиот услов од 5 години работно искуство ќе му биде оневозможено да конкурира и да очекува да биде именуван за нотар.

Тоа е за мене една нелогична работа и мислам дека треба да бидат усогласени, ако бараат 2

години, тогаш со полагање на нотарскиот испит секој да има право кога положил нотар да може да конкурира за да биде избран за нотар. Тоа е една нелогичност за мене и кај нотарските помошници, во членот 100 пишува дека помошник нотарот е лице кое ги исполнува условите за именување на нотар и е вработен во канцеларијата на нотар.

Ако ги погледаме условите кои треба да ги исполни лицето за да биде именувано за нотар ќе видиме дека покрај другите наведени услови има дека ќе даде изјава дека обезбедил опрема и простории за нотарска канцеларија сместени во градежен објект со посебен влез и т.н. и т.н.

Ако е така тогаш нотарскиот помошник кој ќе биде вработен кај нотарот сигурно не ќе треба да го исполнува овој услов. Значи, тука ќе треба да биде прецизирано кои услови треба да ги исполнува бидејќи не се исти условите кои треба да ги исполнува лицето кое конкурира да биде избрано за нотар и лице кое конкурира да биде избрано за нотарски помошник. Тоа е една забелешка.

Уште една забелешка на овој член околу одредбата ако министерот не го прифати предлогот на нотарот за именвуање помошник нотар.

Мислам дека малку субјективизам има во оваа одредба. Тогаш нотарот, бидјеки по предлог на нотарот министерот треба да донесе решение за нотарскиот помошник и ако внесуваме одредба со која ќе му забраниме на нотарот 6 месеци да побара именување на нотарски помошник до колку минситерот не одлучи да му го прифати предложениот нотарски помошник ние на некој начин оставаме едно дискреционо право на минситерот да го оштетуваме нотарот кој веројатно заради потребата и зголемената своја работа ќе побара да има помошник во својата канцеларија. Мислам дека оваа одредба не е добра и до колку Министерството цени дека треба да се измени нема да има, мислам дека со подобро решение може да се излезе.

Другите забелешки не би сакала да ги искажувам, бидејки беа искажани.

Во глобала законот е многу солидно изработен изаслужува подршка во правец на подобрување на целиот систем на работа на нотарите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

За збор се јави госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници,

Навистина немаше да се сомневам дека Владата има искрена намера да направи нешто повеќе со овој закон за нотаријат до колку истиот ни беше доставен најнапред во права фаза како Предлог за донесување, а потоа во втора фаза. Тогаш навистина ќе покажеше Владата дека сака во една транспарентна постапка да го води процесот и да може ние како пратеници во првата фаза да изнесеме сугестии и предлози кои би биле прифатени или неприфатени, од одредени причини и на крајот Собранието да го даде својот збор,.

Ова го споменувам затоа што нотаријатот е многу значајна служба, самостојна, независна, јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции.

Значи, ако на некој државата му дава јавни овластувања тогаш поради тежината на тие јавни овластувања мора транспарентно да се води тој процес кој ќе значи определување на видот на јавните овластувања кои би ги имале нотарите. Но тоа не се случи, еве законот, како и многу други законски прописи овде ни е доставен на брзина да може да се произнесеме од него, независно од тоа дали е квалитетот добар или не.

Ние го кажавме својот став, еве и колешката Иванова дека законот ќе го пдоржиме, но не се работи за тоа дали законот ќе добие подршка во Собранието или не. Мислам дека сите треба да бидеме реални, независно од тоа какво мнозинство ќе добие еден закон овде во Парламентот тој понатмау треба да ги штити интересите на граѓаните на Република Македонија. Може да сметаме дека и најдобар закон овде дека сме донеле, потоа ако на несоодветен начин се штитат правата на граѓаните, во тој случај ќе имаме проблем.

Исто така, сакам да споменам, дискутабилно е прашањето што се однесува до самото законско решение, начинот на кој што се либерализира можноста за бројот на нотарите, па се предвидува во членот 8 ако на подрачјето на Основниот суд има до 20.000 жители, според последниот службен попис, по правило треба да има најмалку по еден нотар на секои 20.000 жители. Вели најмалку еден, а максимумот не е ниту определен, ниту пак по некои други критериуми овде е определен.

Јас тргнувајки од тоа што Владата го прави до сега во други области навистина сметам дека ова навистина треба да биде можност за зголемување на бројот на нотарите и со оглед на тоа што се именуваат од страна на министерот за правда да значи можност за партизација на нотарската служба, што мислам дека е најлошото можно решение.

На ова ќе го надоврзам податокот дека во моментот можеби е завршен, течеше оглас за вработување во Министерството за правда во Секторот за надзор над работата на извршителите и нотарите, таму се работи за поголем број на работни места и ако не се следат критериумите кои треба да бидат исполнети за да функционира оваа јавна служба така како што треба, ако како и во други области основна е партиската определба, а не квалитетот во тој случај ќе станува збор за партизација на оваа

јавна служба која ќе работи само врз основа на некакви партиски определби и задачи, а најмалку онака како што предвидуваат законите.

Нема да ги образложувам другите одредби од законот, ќе видиме како ќе функционир аистиот, но само ќе споменам ќе беше многу подобро ако имавме можност да расправаме во две фази. Тогаш не се сомневам дека овие законски одредби ќе беа поквалитетни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Мери Младеновска.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучивам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за нотаријат.

Пред да го ставам заклучокот на гласање ги повикувам пратениците кои не се во слаата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање на заклучокот.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да ме известат за точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејки во салата се присутни 62 пратеника заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника гласале 54. За гласале 54, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеника гласале 59. За гласале сите 59 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 8 и на член 10 ставови 5 и 7 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 3 за менување на насловот пред членот 12; член 12 ставови 5 и 6; член 14 став 1 точка г; член 16 став 1 точка г; член 15 став 1 член 31 за бришење на став 4 и на член 32 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Зашов поднесе амандмани на член 8 за менување на став 5; член 9 точка 1 точка д; член 35 ставови 3 и 4; член 39 за менување на став 6; член 41 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 43 ставови 3 и 4; член 47 за менување на став 1; член 63 за бришење на став 5; член 63 став 8; член 91 став 2 и на член 96 за менување на став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 5 поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Јас се извинувам, но дали може по архивски број да го читате амандманот.

**Бесим Догани:** Број 1360/10.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Ги повикувам пратениците кои не се во слаата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 53 пратеници. За гласале 8, воздржани нема и 45 против амандмнаот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 точка д поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник за амандманот гласале 52. За гласале 7 пратеника, воздржани нема и против гласаа 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмнаот за менување на насловот пред член 12 поднесен од пратениците Цветанка Иванов аи Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 ставови 5 и 6 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Бесим Догани:** Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на закнот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 точка г, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на закнот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 точка г, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на закнот.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска;

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, со оглед на тоа што се соочуваме, а ова не е прв пат претставниците на Владата да не се подготвени да расправаат по текстовите, посебно кога се води амандманската расправа, не ги имаат средено амандманите и постојано бараа помош од претседавачот. Ако е тоа така и во однос на наредните амандмани, тогаш најдобро е да направиме пауза за да можат да направат подготовка и да продолжиме.

**Бесим Догани:** Мислам дека нема потреба.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 точка г, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на закнот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот,.

Отворам претрес по амандманот на член 35, ставови 3 и 4, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласаа само 55 пратеници, би ги повикал службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеници и според тоа гласањето е важечко.

Вкупно гласаа 55 пратеници, за амандманот гласаа 11 пратеници, воздржано 1, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за менување на став 6, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници гласаа 55, за амандманот гласаа 7, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници гласаа 53, за амандманот гласаа 4, воздржан 1, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 ставови 2 и 4, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 50 пратеници, за амандманот гласаа 2, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 за бтишење на став 5, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласаа 53, за амандманот гласаа 6, воздржан 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 8, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 52 пратеници, за амандманот гласаа 4, воздржани 2, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 2, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 56 пратеници, за амандманот гласаа 6, воздржани 4, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 96 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува соствен дел од текстот на Предлогот на закнот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да искажам благодарност до заменик министерот затоа што ги прифати амандманите кои беа поднесени со цел да се подобри текстот на овој закон.

Знаеме дека сите анализи кои покажаа недостаток во работењето на нотарската служба во Република Македонија, сите показатели кои укажуваат дека треба да имаме еден солиден законски проект кој ќе овозможи оваа служба да работи така како што впрочем е и замислено. Мислам дека и со прифаќањето на овие амандмани, имаме закон кој ќе гиде применлив и ефикасен во работењето на нотарската служба и самото работење на нотарската служба ќе биде според критериумите кои ги заслужува.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, уште еднаш би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, за законот гласа 57, сите 57 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за нотаријат.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закнот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Сгласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закно се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Палоши.

**Скендер Палши:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Дозволете ми да ве информирам дека со законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, објавен во "Службен весник број 66/2004 година", меѓу другото е пропишано дека за имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти, како и за броевите на објектите, општините односно Градот Скопје се должни за нивното подрачје да водат автоматизирана евиденција, додека за целата територија на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски да води автоматизиран регистар.

Имајќи предвид дека ваквата евиденција сеуште не е воспоставена ниту во општините, ниту во Министерството за транспорт и врски во Република Македонија, од причини што не е уреден начинот на водењето на евиденцијата, со посебен подзаконски акт, како и од причини што Министерството не е кадровски, технички и финансиски опремено за водење на регистарот, се оцени дека најсоодветно и најстручно би било автоматизираниот регистар да го води Централниот регистар на Република Македонја.

Со оглед на тоа дека ќе се прошират дејностите на Централниот регистар на Република Македонија во насока на формирање на централна информативна база на податоци, од каде на брз и едноставен начин ќе се добиваат бараните информации од повеќе области, со измените на Законот се предлага Централниот регистар на Република Македонија да го води електронскиот регистар на адресните податоци. Имено, општините и Градот Скопје и понатаму се должни да водат електронска евиденција која ќе ја доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија. Во Централниот регистар ќе се слеваат податоците од сите општини на Република Македонија во еден единствен регистар, а Централниот регистар услугите ќе ги дава бесплатно до сите заинтересирани корисници.

Исто така, причина за изменување и дополнување на Законот е и усогласување на неговите казнени одредби со одредбите од новиот Закон за прекршоци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас во моето излагање ќе бидам сосема краток, бидејќи сакам да го изразам задоволството од Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, се со цел да се подобри евиденцијата на овие субјекти.

Инаку, ставот на СДСМ и во претходниот период беше за донесување на еден ваков закон со кој ќе се придонесе да се стави еден ред во Република Македонија околу имињата на сите улици, плоштади и мостови и други инфраструктурни објекти кои се наоѓаат во Република Македонија.

Сметам дека со овие измени и дополнувања направен е еден добар чекор во една насока во

која Централниот регистар на Република Македонија е води евиденција за сите овие имиња, се со цел да се стави еден ред во Република Македонија, така што поддршката од пратеничката група на СДСМ ќе ја имате и сметам дека тоа ќе придонесе и за развојот на Република Македонија во позитивна насока.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Серафимов.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господин потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас во основа немам ништо против донесувањето на овој закон кој треба да регулира одредено прашање кое е во врска со определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, имајќи ги предвид сите проблеми и аномалии кои се јавуваа во минатото во подделни општини и градови во Република Македонија. Мислам дека е позитивно тоа што се предвидува начинот на регистрирање во Централниот регистар. Но она за што сакам да прокоментирам е моето неразбирање на ставот кој вие го прочитавте прашањето по однос на самиот процес на донесување на овој закон. Имено, вие кажавте дека согласно уставните амандмани овој закон треба да се донесе со т.н. Бадинтерово мнозинство.

Јас добро се сеќавам, само пред неколку месеци, три или четири месеци, во ова Собрание се носеше, исто по предлог на Владата, измена на Законот за радиодифузна дејност и кога настана проблемот во ова Собрание дали истиот треба да се донесува со Бадинтерово мнозинство.

Парламентарното мнозинство и ВМРО ДПМНЕ и ДПА и останатите партии кои што ја подржуваат Владата тогаш имаа став дека не се носи законот, туку се предлагаат само одредени измени и дополнувања на тој закон и дека при измени и дополнувања на Законот, ако не се тангираат прашања за кои што навлегуваат во областа на културните етнички обележја на етничките заедници, кои што се повеќе од 20% од вкупниот број на население во Република Македонија, тој не треба а се носи со Бадентерово мнозинство. Знаете дека тогаш заседаваше и Комитетот за меѓуетнички односи при Собранието на Република Македонија и Комитетот донесе таков став. Сега, мене навистина не ми е јасно за што парламентарното мнозинство, пред се, ВМРО ДПМНЕ го менува тој став и пред нас имаме закон за измени и дополнувања на Законот за определување на имиња, улици плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, кој што воопшто не задира во тој дел каде што се регулираат прашањата од културниот, етничкиот и другите национални обележја на етничките заедници во Република Македонија, а сега овој закон ќе го носите со тн., Бадентерово мнозинство.

Јас не знам дали ова е политичка игра, во склоп на преговорите кои што се водат помеѓу ВМРО ДПНЕ и ДУИ и дали тоа е влезено во Агендата на предложени закони за донесување со тн., Бадентерово мнозинство, па однапред треба да се подготви теренот за тоа, но смета ако парламентарното мнозинство и Комитетот за односи меѓу етничките заедници во Република Македонија еднаш донесол таков став, парламентарното мнозинство тоа го поддржало на седница, сега е непринципиелно тоа сега да се менува на поинаков начин.

Мојот предлог е, потпретседателе, Комитетот за односи меѓу етничките заедници во Република Македонија да заседава и да донесе став по однос на прашањето али овој закон треба да го гледаме со Бадентерово мнозинство. Немам ништо против и целосно поддржувам согласно уставните амандмани, целосно да го почитуваме Уставот.Но, навистина ми е нејасно различното гледање на парламентарното мнозинство при донесување на ист начин закони, различно да се однесува. Тоа и вчера го потенцирав при донесувањето на законот за патниот сообраќај, каде што по мое длабоко убедување направивме тешка повреда на Деловникот и процедурата во Собранието, но сега мислам дека Комитетот за односи меѓу етничките заедници ќе треба да даде свое мислење, зошто во случајот порано три месеци постапи така како што постапи, а зошто сега постапува вака, како што денес не терата да го носиме овој закон, согласно Бадентеровиот принцип на изгласување на законите. Ако еднаш донесеме став на Собранието и се смета за исправен, тогаш треба така да се продолжи, а ако не тогаш треба да се каже дека Комитетот во тој момент политички се однесува по донесување на одреден закон.

Во Парламентот не е дозволено политичко однесување кон процедурата и кон почитување на Уставот. Тука има само почитување на Уставот, почитување на Деловникот, почитување на процедурата.

Од тие причини, сметам дека неправилно се постапува при донесувањето на овој закон и дека тоа треба да го отстраните. Законот би го поддржал, само ако принципиелно се запази процедурата при донесување на закон или пак, ако Комитетот за односи меѓу етичките заедници сега каже дека тогаш направил грешка или пак тогаш бил во право, а сега Собранието прави грешка. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Иако, вие говоревте процедурално подолго од дозволеното, во ред е тоа, нема проблем. Мислам дека нема потреба сега да заседава Комитетот.

Ако нема повеќе пријавени за збор, јас би го заклучил претресот и на Собранието би му предложил да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња, на улици,

плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Пред да ве повикам да гласаме, би ги повикал службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Уште еднаш ги повикувам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За заклучокот гласаа 60 пратеници, за гласаа 59, воздржано гласаше еден пратеник, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 58 пратеници, 57 пратеници гласаа за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присуните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 53 пратеници, од кои 52 гласаа за, воздржано еден, против немаше.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваа 12 пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 12 пратеници и сите 12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Бидејќи, дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 40-та седница на Собранието на Република Македонија.

Давам 10 минути пауза, за да се потпишеме за почетокот на идната седница. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,42 часот)